# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 31.12.2023 год.**

**Декември 2023 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите работни единици се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и  развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 210 работника во постојан работен однос, додека  просечниот број на времено ангажирани работници е 60 .

**I.Преглед на вработени по степен на образование и Сектор со 31.12.2023 год.**

**Табела 1**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 | 4 | 0 | 28 | 6 | 54 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 0 | 8 | 1 | 0 | 3 | 1 | 6 | 2 | 21 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 0 | 0 | 32 | 6 | 0 | 10 | 20 | 7 | 7 | 82 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Ниво VIБ -  завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 | 4 | 2 | 5 | 1 | 2 | 25 |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **3** | **1** | **1** | **65** | **8** | **4** | **20** | **28** | **45** | **21** | **196** |

Просечен бруто личен доход по работник во 2023 год.за период од 01.01 до 31.12 изнесува 338.139,00 ден. спореден со 2022 год. кој изнесува 33.304,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2023 год. за извештајниот период изнесува 25.383,00 ден. спореден со 2022 год. кој изнесува 22,337,00 ден.ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2021 и 2022 година

Во своето работење во 2021 год. КЈП " Водовод " има постигнато негативен финансиски резултат односно загуба од **11.584.368,00** денари и во 2022 година има постигнато загуба од **68,913,137,00** денари.

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | **А.ПРИХОДИ** | **258.954.438,00** | **255.385.775,00** |
| 2 | **Б.РАСХОДИ** | **271.168.468,00** | **324.730.671,00** |
| 3 | **В.Бруто добивка/загуба** | **-12.214.030,00** | **-69,344,916,00** |
| | **-данок од добивка** | **0,00** | **0,00** |
| | **-непризнаени расходи за даночни цели** | **629.662,00** | **431,779,00** |
| | **-нето добивка/загуба** | **-11.584.368,00** | **-68,913,137,00** |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во 2023

Деловната 2023 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација“** во четвртиот квартал на деловната 2023 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на улици во Општината.

На ул. ,, Стамен Манов“ извршена е реконструкција на повеќе водоводни приклучоци како и на дел од фекалната канализација.

Во населба Оризари од десната страна на реката извршена е реконструкција на дел од атмосферската и фекалната канализациона мрежа, изработени се неколку водоводни и приклучоци за фекална канализација.

Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Оделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водоводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалното возило џет трејлер континуирано се чистат преливниците во градот и канализациони линии како и колекторскиот систем.

Во бунарскиот систем во ПС Грдовци континуирано се вршиволуметриско мерење на вкупната пласирана вода и споредба со една и повеќе транспортни пумпи како и волуметриско мерење на експлоатационите бунари поединечно.Пред крајот на годината инсталиран е инсертен

протокомер во Препумпната станица на цевководот кон фабрика за вода и поврзан со SCADA Системот за мониторинг и управување на водоводниот систем.

Во ПС Тркање извршен е планираниот ремонт на една од двете Пумпи за снабдување на корисниците од Високата зона во с. Тркање

Од добиените средства од проектот за набавка и инсталирање на комбинирани и водомери со поголем профил во последниот квартал од 2023 година,инсталирани се еден комбиниран водомер и еден водомер со поголем профил во фирми и институции.

Во тек е поставувањето на нови фотонапонски панели од проектот на Словенечка донација и учество на Општината за инсталација на за снабдување со електрична енергија 560 kW, како и инсталација на нови 350 волуметриски водомери за социјално ранливи категории на корисници и набавка на опрема за детекција на скриени дефекти, од кои до крајот на 2023 инсталирани се околу 100 водомери.

Во тек е реализација за сервис на специјалното возило канал џет за чистење на канализациони линии и набавка на пакувачка за компост како Швајцарска донација.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на производство и искористување на био гас во топлинска и електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост.
Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење.

Во **Секторот ,,Комунална хигиена’’**во четвриот квартал од 2023 год. реализирано е следното:

Направени се редовни сервиси на сите возила во КЈП „Водовод“ Кочани.

Секојдневно се вршат поправки на возилата кај кои се појавуваат дефеци.

По потреба се вршат поправки на возилата и на терен на лице место на настанување на дефектот доколку возилото нема можност да се донесе во работилницата.

Постојано се вршеше поправка на контејнерите кои беа оштетени.

Се изврши замена на старите цевки за вода на бунарите во Грдовци со нови цевки на места каде што имаше потреба.

Во соработка со Општината се извршија поправки на урбана опрема каде што имаше потреба.

Се изработи држач и се постави монитор на управната зграда на КЈП „Водовод“ Кочани .

Отпадот се собира редовно спрема утврдениот распоред од домаќинствата, колективните домувања и стопанските субјекти.

Отпадот од домаќинствата се собира од канти или други импровизирани садови. Вкупниот број на домаќинства од кои се собира отпадот е 8111 во градот и 2201 во Селата.

Отпадот од колективните домувања и стопанските субјекти се собира од контејнери. Вкупен број на контејнери од кои се собира отпадот е 240 мали со тркалца од 1,1 $м^3$ и 110 големи контејнери од по 5 $м^3$.

Постојано се врши расчистување на дивите депонии со градежна машина и камиони.

Метењето се врши по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани. Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота.

Се врши постојано расчистување на диви депонии.

Изготвени се и доставени 3 времени ситуации по програмата за јавна чистота.

Во Секторот**,,Градско зеленило и Православни гробишта,, ,**во периодот 01.01.2023 год. до 31.12.2023 год. со своите работници комплетно се грижеше и го реализира се она што го бараше комуналниот ред во смисла на целта за која е организирана.

Комплетното одржување на зеленилото-тревници со косење, полевање вода, чистење, потоа дрворедите со редовното окопување, кастрење, наводнување со комплетната нивна форма низ градот, сите жардиниери во реката, по кејските ѕидови, во паркот и низ Трговскиот центар, сите живи огради со редовно окопување, поткастрување и наводнување, сите булеварски и кејски цветни алеи, гордоста на градот реката, со зелените површини и цветни острови, алпиниумите се целосна и редовна работа на групата задолжена со градското зеленило.

Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта,, со своите вработени покажа одговорност, грижа и организираност, односно успех во работењето и големо разбирање и помош за сите работи од страна на управните органи на КЈП ,, Водовод,, Кочани.

Како позначајни активности може да се издвојат: Поголема активност со своите вработени како дежурни вработени во рамките на програмата за зимско одржување во месец Јануари и Февруари. За чествување на православниот празник,,Водици,,во месец Јануари изврши заерезување на Кочанска река и по завршувањето ја врати реката во правобитна состојба. Во текот на Пролетта извршивме засадување на над 80 бр. на листопадни дрвја на различни локации во градот.

- Во градското подрачје на неколку места се дополнија повеќе дрвореди како и создавање на нов дрворед на ул,,Стево Теодосиевски,, беа посадени 11 високо квалитетни брези како и на ново формираните патеки беа посадени дрвја од јасен на потегот ,,Два Другара,, до кружниот тек ,,Лук Оил,,

Во текот на Февруари и Март активно работеше на пополнување со земја на подигнатите жардињерии на бул.,,Тодосија Паунов“ на потегот од кај ,,Шумското,, до железарата кај,,Кузе2000,, и пред железарата,,Иднина-С,, и нивно оплеменување со декоративни садници. Поставивме систем за наводнување на истите и ситно дробен камен. Комлетно е уреден кружниот тек кај ,,Атомските згради,, со полнење на земја ,поставување на систем за наводнување,сеење на трева и садење на декоративни садници и поставување на декоративен камен. Во екот на Пролетта извршивме засадување на над 70 бр. на листопадни дрвја на различни локации во градот. Во летниот период навремено се косат детските паркови, ,,Градската Река,,ново формираните кружни текови и останатите зелени површини во Општина Кочани. Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта’’во деловната 2023 гдина во текот на Април Мај и Јуни активно работеше на пополнување со земја на подигнатите жардињерии на бул.,,Тодосија Паунов“

На потегот од кај кружниот тек кај ,,Автобуска станица,, до ,,Шумско стопанство,, и нивно оплеменување со декоративни садници.Поставивме систем за наводнување на истите и во тек е поставување на мушама и ситно дробен декоративен камен. Во текот на Април и Мај активно работеше на пополнување со земја на разделно зеленило на ул,,Стево Теодосиев,, на потегот од кај крузниот тек кај ,,Дуплиот мост,, до кружен тек ,,Стришани ,,.Поставивме систем за наводнување на истите и во тек е поставување на мушама и ситно дробен декоративен камен.Косење и собирање трева на Гр.река.

Согласно програмата за ,,Градско зеленило и Православни гробишта,, за 2023 усвоена од советот на Општина Кочани навремено беа извршени ситеактивности предвидени со истата. Во секторот ,, Православни гробишта,, се изврши поставување на електрични столбови со кои се прошири

електричната инасталација во новиот дел на ,, Градските гробишта,,.Се извршуваа и следните работи:

- Поправка на чешми во градските гробишта.
- Косење и собирање смет околу гробните места
- Поправка на санитарен чвор (промена на цевки за канализација и местење на нова мрежа за за одводни води)

Кроење и кастрење на дрвца во градските гробишта.

- На ул,,Гоце Делцев,, пред ЕВН беа посадени садници од видот брези со цел да се дополни самиот дрворед.

- Се изврши компетно хортикултурно уредување на кружните текови во градот и беше поставено систем за наводнување.

- Беше формиран нов дрверед на ул. ,,Скопска ,, од дрвниот вид јасен

- Во ГТЦ во Кочани се посадија околу 50 бр. на садници.На локацијата беше поставено систем за наводнување и посеано трева. Во текот на летото извршивме дополнување со уште 20 садници.

- Во текот на годината навремено беа косени сите зелени површини предвидени со програмата на Општината и некои површини надвор од програмата од Општината. Со своите вработени беше работено и на локациите Спортски рекретивен центар,,Бавчалук,,,,Гоцева Шума,,,,Споненик на Слободата,, и др.

- Одд. ,,Градско зеленило“ активно учествуваше во акциите спроведени од Општина Кочани како пошумување на ,,Штипски пат“, опожарениот дел над с.Бели и др.

-Секторот -,,Градско зеленило и православни гробишта,,, имаше поголеми активности во делот на кастрење на старите дрва во централното градско подрачје , засадување нови стебла и засадување на зелена површина покрај реката и градскиот парк. Секаде каде постоеше можност беше посадено цвеќе кое допринесе градот да биде поубав. Активно учествуваше во средување на просторот околу локацијата на која се изврши зажнејување по повод ,,Кочански денови на оризот,,.По повод ,,Патеки по оризовите полиња,, делницата Кочани-с.Грдовци-с.Мојанци-с.Г.Подлог-с.Д.Подлог-Кочани беше комплетно исчистена од вегетација и смет од вработените од сектор Градско зеленило.

- Исто така извршивме косење и собирање на смет од ул,,Страшо Ербапче,, до потегот на Градска депонија по повод ридско-брзинските трки на Пониква.

- Поради обилните дождови во летниот период беа постојано на терен за расчистување на паднати гранки и расчистување на земјениот нанос по улиците.

-По повод верските празници овој сектор изврши косење околу сите верски објекти со што им излеговме во пресрет. За Верските празници православните гробишта навремено беа косени и чистени од вегетацијата. За сето оваа да се постигне Јавното препријатие набави и неколку нови тримери косачки и жаги за сечење на дрва. Се уредуваа зелените површини на сите три главни влезови на градот, средување на зелената вегетација на локалните патишта кон селата како и патот кон излетничкото место ,, Брана Градче“.

Во одделението,,Православни гробишта,, се заврши со бетонирање на пристапни стази и патеки со што до сега се бетонирани околу 250 метри должински со ширина 2.2м.

- Се вршеше соодветно косење на вегетацијата во градските гробишта
- Бетонирање на стази во градските гробишта.
- Поправка на чешми во градските гробишта.
- Косење и собирање смет околу гробните места
- Поправка на санитарен чвор (промена на цевки за канализација и местење на нова мрежа за за одводни води)
- Кроење и кастрење на дрвца во градските гробишта.
- Се изврши поставување на електрични столбови со кои се прошири електричната инасталација во новиот дел на ,, Градските гробишта,,.

**Сектор „Геотерма“,** за периодот од четвртиот квартал, Октомври-Декември од 2023 година, функционираше и работеше согласно своите кадровски и технички можности.

Во овој временски период имаме вкупно фактурирана геотермална вода од 65.528 $m^3$, кое споредено со истиот период од минатата 2022 година, имаме намалена количина за 20.937 $m^3$, односно 24,21% помалку.

Што се однесува до количините на реинектираната геотермална вода, во ова тромесечје имаме реинектирано 22.580 $m^3$ геотермална вода или 28,48% од вкупно експлоатираната геотермална вода. Споредено со истото тромесечје од претходната година имаме зголемено реинектирање за 276,04%.

Во овој период навремено се вршеше отчитување на водомерите кај потрошувачите, изготвување на записници за истото, а врз база на нив се изготвуваа и доставуваа фактурите за потрошена геотермална вода до потрошувачите.

Согласно обврските на КЈП „Водовод“ како концесионер, навремено е изготвен и доставен кварталниот извештај за концесиски надоместоци до надлежните институции, а се изготвуваат и месечните статистички извештаи кои се испраќаат до Државен завод за статистика.

Превентивно се оддржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми, се со цел успешно функционирање на целиот систем.

Поради настанатата хаварија со трансформаторот 35/10 kV, сопственост на КЈП ”Водовод”-Кочани, истиот е однесен на целосно репарирање, а со договор со ЕВН е донесен заменски трансформатор, кој моментално е во експоатација.

Направени се сервиси на сите високо напонски малку маслени прекинувачи, контролен напон, сите заштити, испитани трансформатори, сменети се катодни одводници на пренапони на далекуводот кон ТС Облешево, испитана пумпата ЕБ-2 и направени сите потребни испитувања за нормално работење на секторот Геотерма.

Пуштена во експлоатација пумпата ЕБ-2, која поради настанатиот дефект не беше во употреба.

Перманентно се следи и евидентира промената на статичкото ниво на аквиферот и врз основа на нашите анализи на крајот од ова тромесечје имаме раст на статичкото ниво за 5,41 m во однос на претходното тромесечје.

Сектор „Геотерма“ со целиот свој стручен и кадровски потенцијал, а во координација со раководството на претпријатието и соработка со соодветните служби од Општината Кочани, се придржува на веќе утврдениот стратегиски план за зачувување на лежиштето „Подлог-Бања“ и воведување на ред, законитост и стручност во експлоатацијата од истото.

Елаборирани се можни решенија за зголемување на реинектирањето на искористените количини на геотермална вода, се со цел оддржливост на лежиштето.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 31.12.2023 год.споредени со истиот период 2022 год.по сектори

**ПРИХОДИ**

**табела 3**

| Ред. број | Работна единица | Година | | Коефициент 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 165.922.499,86 | 134.384.760,34 | 0.81 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 21.081.055,50 | 19.815.486,00 | 0.94 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 49.525.207,14 | 52.116.327,33 | 1.05 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **8.749.984,53** | **9.644.426,45** | **1.10** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | **218.628,00**<br>**6.783.480,91**<br>**2.725.043,00** | **218.628,00**<br>**6.835.257,35**<br>**4.586.000,00** | **1.20** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | **379.856,00** | **1.186.558,00** | **3.12** |
| | **Вкупно** | **255.385.754,94** | **228.787.443,47** | **0.90** |

**РАСХОДИ**

**Табела 4**

| **Ред. број** | **Работна единица** | **Година** | | **Коефициент 2023/2022** |
|---|---|---|---|---|
| | | **2022** | **2023** | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **198.276.563,68** | **152.235.556,93** | **0.77** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **23.467.317,19** | **22.998.478,53** | **0.98** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **44.425.225,32** | **44.913.034,30** | **1.01** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **14.045.069,82** | **14.707.226,07** | **1.05** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | **3.257.674,89**<br>**23.215.280,90**<br>**15.391.359,35** | **4.078.562,66**<br>**30.722.147,72**<br>**19.722.594,06** | **1.30** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | **2.652.180,21** | **3.714.112,11** | **1.40** |
| | **Вкупно** | **324.730.671,36** | **293.091.712,38** | **0.90** |
| | **Остварен резултат добивка /загуба** | **-69.344.916,42** | **-64.304.268,91** | **0.93** |

Остварените деловни резултати кои се искажани за периодот од 01.01 до 31.12.2023 год. односно загуба во износ од **-64.304.268,91** ден. споредени со истиот период 2022 год. бележат намалување. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите споредени со истиот период од 2022 год. бележат намалување за 10 % ,и расходите споредени со истиот период од 2022 год. бележат намалување за 10 % .

**Остварени финансиски резултати од работењето по сектори - добивка / загуба**

**Табела 5**

| **Ред. број** | **Работна единица** | **Година** | | **Коефициент 2023/2022** |
|---|---|---|---|---|
| | | **2022** | **2023** | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **-32.354,063,82** | **-17.850.796,59** | **0.55** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **-2,386,261,69** | **-3.182.992,53** | **1.33** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **5,099,981,82** | **7.203.293,03** | **1.41** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **-5,295,085,29** | **-5.062.799,62** | **0.96** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | **-3,039,046,89**<br>**-16,431,799,99**<br>**-12,666,316,35** | **-3.859.934,66**<br>**-23.886.890,37**<br>**-15.136.594,06** | **1.33** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | **-2,272,324,21** | **-2,527.554,11** | **1.11** |
| | **Вкупно** | **-69,344,916,42** | **-64.304.268,91** | **0.93** |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 31.12.2023 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Работна единица | 2023 год. |
|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -42.826.831,85 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | -12.719.296,91 |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | -1.424.791,87 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -7.333.348.28 |
| | Вкупно | -64.304.268,91 |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.12.2023 год.со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој ќе констатираме дека сите сектори: Сектор " Водовод и Канализација , Сектор "Геотерма " ,Сектор " Комунална Хигиена " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по сектори остварени во периодот од 01.01 до 31.12.2023 год.**

Табела 7

| Ред. број | Работна единица | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 134.384.760,34 | 58.74 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 19.815.486,00 | 8.66 |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 52.116.327,33 | 22.78 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 9.644.426,45 | 4.21 |
| 5 | Сектор "Менаџмент" | 218.628,00 | 0.09 |
| 6. | Сектор "Финансиско и комерцијално работење" | 6.835.257,35 | 2.99 |
| 7. | Сектор "Општи и правни работи" | 4.586.000,00 | 2.00 |
| 8. | Сектор "ИТ и развој " | 1.186.558,00 | 0.52 |
| | Вкупно | 228.787.443.47 | 100 |
| | Планирани приходи за 2023 год.<br>300.350.640,35 : 4 квартала = 75.087.660,09 x 4 = | 300.350.640,35 | 0.76 |

**Структура на вкупните расходи по РЕ остварени во периодот од 01.01 до 31.12.2023 год.**

Табела 8

| Ред. број | Работна единица | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 152.235.556,93 | 51.94 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 22.998.478,53 | 7.85 |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 44.913.034,30 | 15.32 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 14.707.226,07 | 5.02 |
| 5 | Сектор "Менаџмент" | 4.078.562,66 | 1.39 |
| 6. | Сектор "Финансиско и комерцијално работење" | 30.722.147,72 | 10.48 |
| 7. | Сектор "Општи и правни работи" | 19.722.594,06 | 6.73 |
| 8. | Сектор "ИТ и развој " | 3.714.112,11 | 1.27 |
| | Вкупно | 293.091.712,38 | 100 |
| | Планирани расходи за 2022 год.<br>324.203.444,10 : 4 квартала = 81.050.861,03 x 4 = | 324.203.444,10 | 0.90 |

## Тековни побарувања со состојба на ден 31.12.2023 год.

**Tабела 9**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2022 год. | Износ 31.12.2023 год. | Коефициент 31.12.2023/ 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **262.108.267,00** | **263.928.012,92** | **1.01** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 204.242.507,00 | 203.351.849,92 | 0.99 |
| 2 | Побарувања од дуќани | 6.494.727,00 | 5.978.359,00 | 0.92 |
| 3 | Побарувања од фирми | 51.371.033,00 | 54.597.804,00 | 1.06 |

Анализирајки ги теховните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот период од 2022 год. се намалени за 1 %,од кои кај дуќаните се намалени за 8 % , кај фирмите се зголемени за 6 %, а кај домаќинствата намалени за 1 %.

## Обврски со состојба на ден 31.12.2023 год.

**Tабела 10**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2022 год. | Износ 31.12.2023 год. | Коефициент 31.12.2023/ 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **220- Обврски спрема добавувачи** | **52.778.526,00** | **106.668.531,00** | **2.02** |
| **2.** | **Обврски кои доспеват за 1 година** | **30.130.744,00** | **36.382.263,00** | |
| | **262002 - KFW банка** | 2.036.716,00 | 2.036.716,00 | |
| | **262003 - Фонд за води** | 2.211.756,00 | 2.580.382,00 | |
| | **262004 - ЕДС** | 24.000.000,00 | 31.765.165,00 | |
| | **262005 - ЕЛЕМ** | 1.882.272,00 | 0,00 | |
| **3.** | **Долгорочни обврски** | **51.984.857,00** | **30.919.390,00** | |
| | **282001 - Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата** | 16.816.995,00 | 0,00 | |
| | **284001 - Обврски за надомест за фонд за води** | 2.580.394,00 | 368.638,00 | |
| | **286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка** | 32.587.468,00 | 30.550.752,00 | |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | | **134.894.127,00** | **170.970.184,00** | **1.27** |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.12.2023 год.ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. Вкупните обврски споредени со истиот период од 2022 год. се зголемени за 27 % .

## Тековни залихи со состојба на ден 31.12.2023 год.

**Tабела 11**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2022 год. | Износ 31.12.2023 год. | Коефициент 31.12.2023/ 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 9.962.685,44 | 9.829.771,03 | 0.99 |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 1.924.106,84 | 1.882.613,07 | 0.98 |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 487.168,00 | 729.773,43 | 1.50 |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208.216,00 | 208.216,00 | 1.00 |
| | **Вкупно** | **12.582.176,28** | **12.650.373,53** | **1.01** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот од 2022 год. бележат зголемување за 1% .

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01 до 31.12.2022 год.оствари финансиски резултат односно загуба од **-64.304.268,91**денари.

| **Изработил** | **Директор** |
|---|---|
| ______________________ | ____________________ |